МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 86 став (2) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15,44/15,147/15, 7/16, 39/16 и 147/17), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УНИФОРМАТА И ВИДОТ НА ОРУЖЈЕТО ШТО ГО НОСАТ ПРИПАДНИЦИТЕ НА ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција.

## Член 2

Шумските полицајци за време на извршување на своите работни задачи и обврски, во зависност од сезоната носат зимска и летна униформа.

## Член 3

Зимската униформа се состои од следниве делови со состав:

1. **Виндјакна со полар влошка** (35% памук, 65% полиестер рипстоп ткаење, површинска маса 240 г/м2 (+/- 5%), отпорен на вода и масло. Влошката со состав 100% полиестер, поларен флис и површинска маса 280 г/м2 (+/- 5%),
2. **Јакна со полар влошка** (35% памук, 65% полиестер рипстоп ткаење, површинска маса 240 г/м2 (+/- 5%), отпорен на вода и масло. Влошката со состав 100 % полиестер, поларен флис и површинска маса 280 г/м2 (+/- 5%),
3. **Наметка за дожд** (најлон со внатрешен премаз од ПВЦ, површинска маса 200гр/м2 и дебелина на материјалот од минимум 0,15мм.),
4. **Зимски пантолони** (35% памук, 65% полиестер, рипстоп ткаење, површинска маса 240 г/м2 (+/- 5%), отпорен на вода и масло),
5. **Кошула со долги ракави** (67% памук, 33% полиестер, површинска маса 145 г/м2 +- 5%, рипстоп ткаење, отпорен на вода и масло),
6. **Џемпер** (50% рунска волна, 50% полиестер),
7. **Капа** (надворешност од полиамид, термовлошка од полиестер),
8. **Пододело** (100 % памук, горен и долен дел),
9. **Кожни ракавици и**
10. **Ремен за панталони од балистичко платно**
11. **Опасач со футроли за пиштол, резервен оквир, лисици, батерија, палка од балистичко платно**
12. **Зимски чорапи** (70% волна, 30% полиестер) и
13. **Чизми** (водоотпорна мазна кожа со гумен силно назабен ѓон)

**Член 4**

Деловите на униформа на шумските полицајци го имаат следниот крој и боја:

1. **Виндјакна со полар влошка** со класичен крој со должина до половина на бутовите. Јаката е припиена покрај вратот. Виндјакната по должина се закопчува со патент затворач и шест скриени метални дрикери. На рамениците лево и десно е зашиена по една еполета, од ист материјал како виндјакната, широка од 4 до 6 см, а долга од 13 до 16 см, во согласност со големинските броеви. Еполетите со едниот крај се зашиени на ракавот, а другиот крај во форма на тап агол се закопчува до околувратникот со пластично копче во темно зелена боја со пречник од 0,16 м. На виндјакната од надворешната предна страна на градите, од лево и десно се наоѓа по еден "торба" џеб со капак, широк од 4,5 до 6 см. кој се закопчува со метален дрикер. Џебовите се широки од 20 до 22 см. и долги од 16 до 18 см. На долниот дел на виндјакната под струкот од левата и десната страна се наоѓа отвор за 2 врежани џеба, со ширина од 20 до 22 см. и со капак со ширина од 4,5 до 6 см. кој се затвара со метален дрикер. Во пределот на појасот на виндјакната во вшиениот тунел вградена е еластична врвка за затегање. Над левиот горен џеб има "чичак"- лента на која се поставува еполета со ознака на звањето. Ракавот е во обичен крој, составен од два дела, а на лакот има две фалти свртени нагоре. На долниот дел од ракавот има лента од ист материјал како и виндјакната, широка од 4 до 5 см., а долга од 16 до 20 см. која на едниот крај е зашиена на ракавот, а другиот се завршува во облик на тап агол и се прицврстува со "чичак"- лента. На десниот ракав на растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот вшиена е "чичак"- лента на која е поставен натписот "ШУМСКА ПОЛИЦИЈА". На левиот ракав на растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот вшиена е "чичак "- лента со облик на штит на која е поставен амблемот на шумската полиција во форма на штит со зелена боја на краевите, а во основа е со темно-зелена боја, во кој на горниот дел е аплицирано знамето на Република Северна Македонија, а под него стои со зелени букви РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, FORESTRY POLICE во форма на полукруг. Под него во форма на два полукруга има симбол на две гранки од Даб (лев полукруг) и Ела (десен полукруг), а во средината се аплицирани два желада со два листа од даб. Под пазувите на двата ракава е вшиено парче за зајакнување во полукружна форма од ист материјал, со по 3 отвори за вентилација. Исто така се зајакнати и подлактиците. На страничните шавови на виндјакната, во долниот дел има отвор со должина од 30 см. Кој се затвора со патент, широк 0,6 см со два лизгачи, а служи за пристап до оружјето. Виндјакната има капулјача од истиот материјал, која е фиксна на околувратникот и има можност да се собере во крагњата, а од внатрешна страна е обложена со постава од полиестер со површинска маса од 90-110 гр/м2, по цела површина, и во ракавите. Виндјакната има влошка, која е прикачена со патент. Истата може да се вади и да се носи како посебен елемент,а на ракавите има рендер ластик на кој има јамка (гајка) со која се прицврстува за виндјакната на кој има јамка (гајка) со која се прицврстува за виндјакната.Во шавот на вратниот отвор надворешно е нашиена гајка за закачалка, кој лежи рамно и истовремено служи за прикачување и на надворешната јакна. Влошката од виндјакната има појачување во пределот на лактите, рамената и предниот дел на стомакот од основниот материјал на виндјакната, во рипстоп ткаење и има два врежани џеба на патент во предниот долен дел.

2. **Јакна со полар влошка** е со класичен крој. Се закопчува со патент затварач и со пет метални дрикери. На блузата од надворешната предна страна на градите се наоѓа по еден „торба“ џеб со капак што се затвора со по еден метален дрикер, а на долниот дел од двете страни се наоѓа по еден врежан џеб со капак што се затвора со по еден патент. Горните џебови се широки од 12 до 14 см. и долги од 15 до 17 см., долните џебови се широки од 18 до 20 см. и долги од 21 до 23 см. Над горниот лев џеб има „чичак“ – лента на која се поставува еполета со ознака на звањето. На десниот ракав на растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот вшиена е „чичак“ – лента на која е поставен натписот „ШУМСКА ПОЛИЦИЈА“. На левиот ракав од растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот вшиена е „чичак“ – лента со облик на штит на која е поставен амблемот на шумската полиција во форма на штит со зелена боја на краевите, а во основа е со темно-зелена боја, во кој на горниот дел е аплицирано знамето на Република Северна Македонија, а под него стои со зелени букви РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, FORESTRY POLICE во форма на полукруг. Под него во форма на два полукруга има симбол на две гранки од Даб (лев полукруг) и Ела (десен полукруг), а во средината се аплицирани два желада со два листа од даб. Ракавот е со обичен крој, составен од два дела со зајакнати подлактици, а на долниот дел завршуваат со метален дрикер. Виндјакната има влошка, која е прикачена со полукружен патент по целата површина на јакната. Истата може да се вади, а на ракавите има рендер ластик кој е прицврстен со копче.

3. **Наметката за дожд** е изработена од водоотпорен материјал во темно зелена боја. Наметката е со широк и комотен крој, со должина до средината на потколениците. Јаката е стоечка и на неа фиксно е поставена протната ќулавка. По должина на предниот раб на ќулавката, протната е врвка за затегнување на истата. На левата предна страна од наметката, во висина на градите е отпечатен амблемот на шумска полиција. На двете страни од предниот дел на наметката има косо поставени отвори за рацете, со должина од 30 до 40см. зајакнати со лента од истиот материјал кои служат за зацврстување на положбата на истата. На градите има џеб со капак од основниот материјал.

4. **Зимските панталони** се со висок струк и систем за подесување (затегање). Колантот е внатрешен со 7 гајки, зајакнати со ринглици. На предната страна има шлиц што се закопчува со патент. На горниот дел од двете страни има по еден кос џеб со ширина од 16 до 18 см. и должина од 26 до 28 см. По колкот од двете страни има по еден нашиен полуторба џеб со ширина од 7 до 9 см. и должина 10 до 12 см. На двете ногавици има по еден “торба” џеб широк од 17 до 20 см. и долг од 21 до 23 см. Во пределот на коленото и задникот, панталоните се зајакнати со парче од истиот материјал. Во долниот раб на ногавиците има вметната врвка. На задниот горен дел од двете страни има по еден џеб со ширина од 12 до 14 см. и долг од 19 до 21 см. што се затвара со капак и по едно скриено копче. Панталоните од внатрешната страна целосно се обложени со полар ткаенина.

5. **Кошула со долги ракави** е со рамен крој и класична јака. Во висина на градите од левата и десната страна се наоѓа по еден “торба” џеб со капак кој се затвара со чичак - лента. Ширината на џебовите е од 13 до 15 см., а должината од 15 до 17 см. На капакот во горниот десен џеб со букви во жолта боја дворедно е извезено “ШУМСКА ПОЛИЦИЈА” а на џебот е вшиена “чичак” - лента во форма на штит, каде се поставува амблемот на шумската полиција. Над горниот лев џеб има ”чичак” - лента на која се поставува еполетата со ознаката на звањето. На долниот дел

на ракавот има манжетна која се закопчува со пластично копче со пречник од 0,16 см. во темно зелена боја. Над лактовите на ракавите се наоѓа лента за прицврстување и едно копче со кое се прицврстува завитканиот ракав. Лентата е вградена од внатрешната страна на ракавот, а копчето од надворешната страна. На рамењата од двете страни, во работ од ракавот е пришиена по една еполета која се закопчува со копче со пречник 0,16см. во темно зелена боја.

6. **Џемперот** е со стоечка рол јака. На предна страна се закопчува со патент со должина до пределот на градите. Ракавот е составен од едно парче. Во пределот на лактот и рамото џемперот е зајакнат со платнена ткаенина. На долниот дел од џемперот и ракавите има рендер - ластик широк 7 см. На предната лева страна (во висина на градите) има џеп со поклопец што се закопчува со "чичак"- лента, а на зајакнувањето над горниот раб од џебот е пришиен додаток. Од двете страни на рамењата на џемперот има по една еполета која од една страна е углавена во ракавот, а другата страна е во форма на агол и се закопчува со темно зелено копче. На десниот ракав има вшиена "чичак" - лента на која се поставува натпис "ШУМСКА ПОЛИЦИЈА", поставен на 12 см. од рамото, а на левиот ракав има вшиена "чичак" - лента на која се поставува амблем на шумската полиција, поставен на 10 см. од рамото.

7. **Капата** се изработува во две варијанти: летна и зимска. Зимската капа има стреа и кружен облик со подвижни страни кои преку горната површина меѓусебно се спојуваат со два дрикера или "чичак" - лента. Од внатрешната страна капата е поставена со платно и футрована термо влошка. На предната страна на капата, над стреата има амблем во форма на круг со кружна форма со дијаметар од 4 цм со темно зелена боја. Во средината со златна боја се испишани на кирилично писмо буквите РСМ, а околу нив има две ловорови гранки странично поставени и се прекрстени во основата.

8. **Пододело** се состои од горен и долен дел. Горниот дел е со долги ракави, а долниот дел е со долги ногавици. Во појасот и завршетокот на ногавиците е вградена еластична лента.

9. **Кожни ракавици** се со вообичаен крој со раздвоени прсти, со црна боја, од внатрешната страна се поставени со крзно.

10. **Зимски чорапи** – доколеници се со вообичаен крој и во темно зелена боја.

11. **Чизмите** се со следните карактеристики: Изработени од полна говедска хидрофобирана кожа во црна боја со дебелина 1,8 - 2,2мм, со минимум четирислојна горе текс мембрана, базирана на ePTFE, поставена во вид на чорапа низ целата површина на чизмата. Ѓонот е изработен од гума нитрил, со внатрешно бризган полиуретан. Имаат систем за брзо врзување, кој се состои од четири прстени во долниот дел и четири пара канџи во горниот дел. Висина на чизмите: 165мм+-5%, за величина 42. Тежина на чизмите: максимум 1900гр. за пар, за величина 42. Сила на раздвојување на горниште и ѓон: минимум 5,5 N/mm. Променлива анатомски обликувана антибактериска влошка, која може да се пере. Црна боја.

**Член 5**

Летната униформа се состои од следниве делови:

1. **кошула со кратки ракави** (67% памук – 33% полиестер, површинска маса 145 г/м2 +- 5%, рипстоп ткаење, отпорен на вода и масло)
2. **поло маици** (100% памук )

3. **летни панталони** (состав 67% памук – 33% полиестер, површинска маса 190гр/м2 +- 5%, рипстоп ткаење, отпорен на вода и масло)

4. **ремен за панталони од балистичко платно**

5. **елек со џебови** (50% памук, 50% полиестер, 260 гр/м2 +- 5%, рипстоп ткаење, отпорен на вода и масло)

6. **поло капа** (состав 67% памук – 33% полиестер, површинска маса 190гр/м2 +- 5%, рипстоп ткаење)

7. **летни чорапи** (70% памук и 30% полиестер) и

8. **полувисоки чевли** (водоотпорно горниште со гумен силно назабен ѓон)

**Член 6**

1. **Кошула со кратки ракави** е со ист изглед и крој како кошулата со долги ракави само што овие ракави се кратки и завршуваат со манжетна.

2. **Поло маици** се со кратки ракави. Маицата е со плетена рендер јака во боја на основниот материјал. На предната страна има горна и долна лајсна. На горната лајсна има 3 илици (рупици), а на долната лајсна 3 пластични копчиња во темно зелена боја. Напред, во висина на градите има џебови од двете страни со димензии 160х140 мм (+/-5мм). Грбот е исцел и на истиот има испечатено натпис "ШУМСКА ПОЛИЦИЈА" во бела боја, а буквите се со димензии 10 х 14см., поставени на меѓусебно растојание. Ракавите се со плетена рендер манжетна во боја на основниот материјал. На десниот ракав на растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот вшиена е „чичак" – лента на која е поставен натписот „ШУМСКА ПОЛИЦИЈА". На левиот ракав од растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот вшиена е „чичак" – лента со облик на штит на која е поставен амблемот на Шумска полиција Од двете страни на рамењата на маицата има по една еполета која од една страна е углавена во ракавот, а другата страна е во форма на агол и се закопчува со темно зелено копче.

3. **Летни панталони** се со ист изглед и крој како зимските панталони, само внатрешната страна не е обложена со полар ткаенина.

4. **Елек со џебови** со должина до струкот. Напред се закопчува со патент. На него има торба џебови со различна големина кои на горната страна се со испуски, а на средина се затвараат со дрикери.

5. **Поло капа** е изработена од ист материјал како зимската капа има кружен облик и стреа. Од внатрешната страна капата е поставена со платно. На задниот дел има пластичен регулатор за обемот на главата. На предната страна на капата, над стреата има амблем во форма на круг со кружна форма со дијаметар од 4 цм со темно зелена боја. Во средината со златна боја се испишани на кирилично писмо буквите РСМ, а околу нив има две ловорови гранки странично поставени и се прекрстени во основата.

6. **Летните чорапи** се со вообичаен крој и се во темно зелена боја.

7. **Полувисоки чевли** се дишливи, со следните карактеристики: горништето е комбинација од три компоненти: хидрофобиран полиестер, микровлакна од полиамид и појачувања од полиуретан. Има минимум четирислојна горе текс мембрана, базирана на ePTFE. Ѓонот е комбинација од Vibram гума со експандиран полиуретан. Променлива анатомски обликувана

антибактериска влошка, која може да се пере. Тежина: максимум 1300 гр. за пар, за величина 42. Црна боја.

**Член 7**

Бојата на униформата во зависност од намената е:

1. темно зелена и
2. маскирна – со шари од црна, темнозелена, кафена и светлозелена боја.

**Член 8**

Припадниците на шумската полиција се вооружени со лично оружје - пиштол и формациско оружје - автоматска пушка.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2015).

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.111-3685/1
12 март 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.